# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул. Петар Дељан бр.17, 1000 Скопје, Република Македонија; тел:++38922785400;
факс: ++389 2 2770 210; е-маил: contact@kiselavoda.gov.mk;
веб страна: www.kiselavoda.gov.mk


Бр. 14-1701/15 од 11-08-2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 и 42/14), Општина Кисела Вода, на ден 08.08.2015 година донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

За планскиот документ локална урбанистичка планска документација за 844/1, 851/2, 850/2, 845/1, 852/3, 845/2, 959/1, 959/2, 1134/1, 1146/2, 1174/2, 963, 964/2, 957/2, 958, 857/2, 968/1, 960/2, 961/1, 962/1, 1953/13, КО Драчево 2 ,не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода.

Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4, од Законот за животна средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ за локална урбанистичка планска документација на 844/1, 851/2, 850/2, 845/1, 852/3, 845/2, 959/1, 959/2, 1134/1, 1146/2, 1174/2, 963, 964/2, 957/2, 958, 857/2, 968/1, 960/2, 961/1, 962/1, 1953/13, КО Драчево 2, КО Кисела Вода нема влијание врз животната средина зашто е предвидена класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија. Во рамки на опфатот се врши оформување на парцелата со објекти кој ќе бидат во функција на стоваришта и магацини.

Просторот во рамките на планскиот опфат е дефиниран со условите за планирање на просторот за изработка на локална урбанистичка планска документација, Општина Кисела Вода, изработено од страна на Агенцијата за планирање на просторот, а согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода на следната веб адреса www.kiselavoda.gov.mk

Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Општина Кисела Вода во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Градоначалник
Билјана Беличанец Алексиќ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Локална урбанистичка планска документација за КП 844/4, 851/2, 850/2, 845/1, 852/3, 845/2, 959/1, 959/2, 1134/1, 1146/2, 1174/2, 963, 964/2, 957/2, 958, 857/2, 968/1, 960/2, 961/1, 962/1, 1953/13, КО Драчево 2, Општина Кисела Вода, Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кисела Вода |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кисела Вода |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Радмила Шоповска д.г.и |
| Назив на работното место | Помошник раководител на сектор |
| Контакт податоци за лицето | 02/2785-420 е-маил:contact@kiselavoda.gov.mk |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Локална урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија за КП и делови на КП 844/4, 851/2, 850/2, 845/1, 852/3, 845/2, 959/1, 959/2, 1134/1, 1146/2, 1174/2, 963, 964/2, 957/2, 958, 857/2, 968/1, 960/2, 961/1, 962/1, 1953/13, КО Драчево 2, Општина Кисела Вода, Скопје кој методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и подзаконските акти што произлегуваат од него, Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр. 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 45/12, 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, 125/14 и 148/14) како и со почитување и на други закони кои го зафаќа планирањето, а согласно намената. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / За планскиот документ се издадени услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не x | Член: | Точка: | Алинеја: |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Да. Површината во границата на планскиот опфат изнесува 2,73 ха. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише** | | | |

| |
|---|
| **клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Локалната урбанистичка планска документација за КП 844/4, 851/2, 850/2, 845/1, 852/3, 845/2, 959/1, 959/2, 1134/1, 1146/2, 1174/2, 963, 964/2, 957/2, 958, 857/2, 968/1, 960/2, 961/1, 962/1, 1953/13, КО Драчево 2, Општина Кисела Вода, Скопје кој е основен развоен документ преку достигнување на следните цели: Површината на планскиот опфат е изградено земјиште. Со планот се формира градежна парцела и се предвидува површина за градба со намена во согласност со условите за планирање на просторот, која понатаму ќе биде предмет на разработка со архитектонско урбанистички проект (стоваришта и магацини кои ќе бидат во функција на објектите). |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Локалната урбанистичка планска документација треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела , односно објект. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| **5** |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| По истекот на планскиот период. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| • На запад – границата се движи по западната граница на катастарската парцела КП845/1, 968/1, 960/2, 961/1, 962/1, 1134/1.<br>• На југ – продолжува по јужната граница на катастарската парцела КП1134/1, 964/2, 963, 1146/2, 1174/2, 1953/13.<br>• На исток – продолжува по источната граница на катастарската парцела КП1953/13, 957/2, 857/2, 852/1.<br>• На север – границата се движи по северната граница на катастарската парцела КП852/2, 857/2, 851/2, 844/4, 845/1. |

| |
|---|
| |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не √ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и отпадот. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени и ќе биде во насока на подобрување на климатските промени. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Со планската документација се предвидени мерки за заштита на животот и здравјето на луѓето во случај на несреќи. Согласно член 53 од Законот за заштита и спасување задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Планскиот опфат има економски потенцијал и можности за градење во рамките на основната намена и дозволениот процент на компатибилните намени.<br>Опфатот се наоѓа во Општина Кисела Вода надвор од Град Скопје. На запад се движи по западната граница на градежната парцела 1.1 На југ продолжува јужната граница на градежната парцела 1.1. На исток се движи по источната граница на градежната парцела 1.1. На север границата се движи по северната граница на градежната парцела 1.1. |

<table>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Економски пораст и предизвикување позитивни ефекти врз целото непосредно опкружување, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, интегрирано користење на инфраструктурата за постојни и планирани објекти, заеднички паркинг простор, пристап до парцелата уредување на неизградено земјиште.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Областа со реализација на планираните објекти ќе добие зголемена вредност, и поттикнување на развој на придружни дејности на функцијата домување.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Планскиот опфат нема објекти од културно историско значење.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Нема гранични вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Локалната урбанистичка планска документација за КП и делови од КП 844/4, 851/2, 850/2, 845/1, 852/3, 845/2, 959/1, 959/2, 1134/1, 1146/2, 1174/2, 963, 964/2, 957/2, 9658, 857/2, 968/1, 960/2, 961, 1953/13, КО Драчево 2, Оштина Кисела Вода.<br>Преземана е трасата и сообраќајниот профил на улицата,<br>-Сервисна улица со вкупен профил од 13,8м, односно 8,6м коловоз (2х4,3м) и тротоари од 2м и 3,2м.<br><table>
<tr><td colspan="5">ЛУПД | ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКИ КАПАЦИТЕТ ЗА ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА НА КП И ДЕЛОВИ ОД КП844/4, 851/2, 850/2, 845/1, 852/3, 845/2, 959/1, 959/2, 1134/1, 1146/2, 1174/2, 963, 964/2, 957/2, 958, 857/2, 968/1, 960/2, 961/1, 962/1, 1953/13 КО ДРАЧЕВО 2, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - СКОПЈЕ</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td></td><td>Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА</td><td></td><td>15168 m²</td><td>55.48%</td></tr>
<tr><td></td><td>Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ</td><td></td><td>12170 m²</td><td>44.52%</td></tr>
<tr><td colspan="5"></td></tr>
<tr><td colspan="3">ВКУПНО</td><td>27338 m²</td><td>100.00%</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни</td><td>• На просторот кој што е предмет на изработка на локална урбанистичка планска документација нема евидентирано или регистрирано природно наследство.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **заштитени подрачја.** | |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**
Поради флексибилност на планот дополнително планирани се и компатибилни класи на намена во однос на основната класа според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14 и 65/15).

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**
Изградбата на објекти со намена Г2- лесна индустрија и незагадувачка индустрија, со непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економ ски ефекти манифестирани преку привлекување нова работна сила и вработување, базирано врз принципите на одржлив развој со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр.еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**
Планскиот опфат нема влијание врз животната средина.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности,
- да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии,
- да се преземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од

| |
|---|
| опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава,<br>- организирано управување со отпадот со цел да се елиминираат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат граничните вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>За овој простор досега не е работен урбанистички план. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Овој локалитет не е третиран во друга планска програма. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Елаборат за заштита на животна средина. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>Билјана Беличанец Алексиќ<br>[signature] |
| Бр.<br>**Датум** 08.08.2015 год. | М.П.<br>[stamp: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА] |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

УП.БР. 14 - 1701/18
од 31.08.2015 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 222, став 1 и 2 од Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ" бр.38/05, бр.110/08 и бр.51/11), постапувајќи по службена должност за исправка на грешка во Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена, заведено под бр.14-1701/15 од 11.08.2015 година, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе:

## З А К Л У Ч О К

за исправка на грешка во Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена

1. Постапувајќи по службена должност се прави исправка на грешка во Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена за планскиот документ за локална урбанистичка планска документација заведена под Уп.бр.14-1701/15 од 11.08.2015 година, издадено од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

2. **СЕ ДОЗВОЛУВА** исправка на грешка во Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена под Уп.бр.14-1701/15 од 11.08.2015 година, **во ред пети и ред седумнаесети наместо КП 844/1 треба да стои КП 844/4.**

3. Останатиот дел од Одлуката за неспроведување на стратегиска оценка **14-1701/15 од 11.08.2015** година, издадено од Градоначалникот на Општина Кисела Вода останува непроменет.

4. Забелешката за исправката се запишува во оригиналот на Решението и ако е можно тоа и во сите заверени преписи што им се доставени на странките.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи по службена должност се прави исправка на грешка во Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена за планскиот документ за локална урбанистичка планска документација во ред пети и ред седумнаесети наместо КП 844/1 треба да стои КП 844/4.

Одлуката за неспроведување на стратегиска оценка заведена под УП.бр.14-1701/15 од 11.08.2015 година донесена од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода и во истота е направена техничка грешка и тоа: во ред пети и ред седумнаесети наместо КП 844/1 треба да стои КП 844/4.

Согласно член 222 од Законот за општата управна постапка Органот што ја донел Одлуката може во секое време да ги исправи грешките.

Имајќи ги предвид горенаведените факти и докази,овој Орган смета дека се исполнети законските претпоставки за исправка на грешка во Одлуката за неспроведување на стратегиска оценка и од тие причини донесе одлука како во диспозитивот на овој Заклучок.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против овој Заклучок незадоволната странка има право на жалба до Министерот кој раководи со Органот на Државната управа надлежна за уредување на просторот во рок од 15 дена од денот на приемот на Заклучокот преку Градоначалникот на Општината Кисела Вода.

За поднесување на жалбата се плаќа такса во износ од 250,00 денари на жиро сметка на Општината Кисела Вода.

Изготвил:

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК**
Радмила Шоповска д.г.и

Република Македонија Градоначалник Општина Кисела Вода

Ул.Петар Дељан бр. 17,1000 Скопје ,тел.++389 2 785 420 ; факс. ++389 2 770 210; E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk
www.kiselavoda.gov.mk